Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 94, 7 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научна област економски развој на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научното поле/област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник асистент за научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за збор на наставник од наставно-научната област метода на анализа на структура и функционирање на претпријатието и организација на административни процеси“ на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 35

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент (специјалист) за наставно-научната област ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторската дисертација со наслов „Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово” од кандидатот м-р Ферат Шаља, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Трудово право“ (скрипта) од авторите доцент д-р Андон Мајхошев и доцент д-р Војо Беловски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 47

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 51

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 55

**РЕЦЕНЗИЈА** за трудот „Одбрани теми од педагогија“ на проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 57

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Производство, преработка и обработка на месо“ од проф. д-р Ацо Кузелов, Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 62



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

### НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА РУДНИЦИТЕ ЗА ОЛОВО И ЦИНК ВО КОСОВО" ОД КАНДИДАТОТ М-Р ФЕРАТ ШАЉА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, со Одлука за формирање на Комисија за оценка на докторска дисертација бр. 2202-330/13 од состанокот и 14. Седница, одржана на 19.11.2012 година, именува Рецензентска комисија за оценка на докторската дисертација со наслов ***„Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово",*** изработена од кандидатот м-р Ферат Шаља, во состав:

– проф. д-р Тодор Серафимовски – претседател;
– проф. д-р Борис Крстев – член;
– проф. д-р Глигор Бишев – член;
– проф. д-р Зоран Панов – член;
– проф. д-р Зоран Десподов – член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледувањето на докторската дисертација, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов ***„Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово",*** изработена од кандидатот м-р Ферат Шаља, дипломиран инженер геолог, е напишана на вкупно 395 страници и содржи 49 слики на кои се дадени слики, фотографии и шематски прикази, 71 табели, наслови во литература 227 и 6 прилози (физибилити студии-извадоци).

Наведената докторска дисертација, како и во менторската фаза со согласноста на проф. д-р Борис Крстев и проф. д-р Глигор Бишев како ментори, успешно заврши и се извршени сите научни истражувања предвидени во образложението на обработуваната докторска дисертација. Од реализираните научни истражувања за време на работата на дисертацијата се добиени значајни научни резултати кои придонесуваат за развојот на научната мисла во доменот на можностите за реконструирање, рестартирање и повторно пуштање на рудници за олово и цинк во регионот во Косово.

Докторската дисертација е коректно обликувана, јазично, стилски и технички изработена во согласност со правилата за публицирање на докторски трудови на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Во докторската дисертација е презентирана комплексна научна методологија за објаснување на геологијата, технологијата на експлоатација и концентрација на оловно-цинкова руда од поголем број на локалитети (депозити) и наоѓалишта во Косово, како и можностите за финансирање и инвестирање преку разни методи на имплементирање на економските можности, странски инвестиции, кредитирање, транзиција на општествениот капитал и други можности.

Истражувањето во дисертацијата е ограничено од неколку објективни фактори. Најпрво треба да се укаже на неможноста да се користи техничко-технолошката и економско-финансиската документација која во тек на конфликтите кон крајот на деведесеттите години од минатиот век е однесена од Косово. Ваквата состојба наложи да се користат поновите истражувања и податоци кои се направени по 2000 година и кои се нецелосни, бидејќи не се вклучени повеќе релевантни податоци за рудниците и концентраторите.

Имено, рудниците се поделени на т.н. северни (српски) во кои влегуваат рудниците Бело Брдо и Црнац со концентраторот во Лепосавиќ и т.н. јужни (косовски) во кои

влегуваат рудниците Стари Трг, Ајвалија, Артана (Ново Брдо) и Бадовац, со концентраторите Први Тунел и Кишница. Поделбата на рудниците значи неможност за водење на единствена деловна и развојна политика, што влијае врз вкупната ефикасност на работењето, трошоците и се разбира, профитабилноста и инвестициите. Поделбата секако дека ќе има последици и врз креирањето на политиката за приватизација, организационата поставеност, а и врз останатите развојни и социјални цели на комбинатот.

Истражувањето во докторската дисертација содржи вовед, пет поглавја, заклучок и литература (библиографија), како и соодветни прилози. Во *Воведот* се презентирани потребата од истражувањето, целите и очекуваните резултати. Во *втората глава* насловена *Сегашна состојба* се анализа постојната состојба на рудниците „Трепча". Во рамките на овие истражувања е проанализирано рудното богатство, богатството на метали во рудниците, проценетите резерви, како и можностите за екплоатација. Во наредната точка е елаборирано прашањето на технологијата и екплоатацијата на рудниците и коцентраторите. Покрај тоа, се елаборира и за отпадоците, отпадните води и заштитата на работа, проблемите на животната средина, јаловиштата, а на крај и за проблемот на затворањето на рудниците и на концентраторите. Во оваа анализа се опфатени и некои аспекти од рестартирањето на некои од рудниците и оствареното производство. Притоа, треба да се укаже дека анализата за експлоатацијата на рудното богатство не ќе биде целосна, а со оглед на непостоењето на повеќе релевантни податоци. Некои од податоците ќе се засноваат на проценки на авторот.

На крај, во последната точка од оваа глава *Финансиски резултати* ќе се направи напор да се проанализираат и оценат финансиските резултати на „Трепча". Како резултат на поделбата и однесените архиви, истражувањето ќе биде ограничено така што тоа ќе се однесува само на расположливите податоци и проценки кои се стари неколку години. Притоа треба да се има предвид фактот дека базата на техничко-технолошки и економско-финансиски податоци на „Трепча" почна да се формира практично од почеток. Ова ограничување ќе го детерминира и пристапот во анализата во делот на исплатливоста/ профитабилноста на одделните рудници.

Третата глава е насловена *Светски трендови* и во неа се прави опсежна анализа на обемот и на движењата на побарувачката на олово, на цинк и на концентрати. Анализата ќе се однесува на периодот 2001-2009 година, а ќе биде опфатена побарувачката во Европа и во регионите во светот. Втората потточка на оваа глава *Движење на светските цени* ќе се однесува на движењето на цените на оловото и цинкот и на основните детерминантни кои го определуваат нивното движење. Посебно внимание во рамките на оваа точка се посветува на проценките за идните движења на цените, а со оглед на нивното големото влијание врз профитабилноста и економичноста на рудниците. Во продолжение се анализираат детерминантите на понудата и на побарувачката на овие метали, како и изгледите за нивните движења во наредниот период. На крај, во потточка „Побарувачка и понуда на олово и цинк и концентрат во регионот" се прави осврт на состојбата на понудата и на побарувачката на овие два метали, како и нивната структура во регионот.

Четвртата глава *Модели на реструктурирање* има за цел да ги проанализираа и оцени одделните модели на реструктурирање. Во рамките на оваа глава најпрво се анализира прашањето за можностите и последиците од ликвидација или банкрот на рудниците. Во продолжение се третира прашањето на брзата приватизација на рудниците, нивното реструктурирање од страна на државата, како и можностите за примена на јавно-приватно партнерство.

Петтата глава со наслов *Цели на реструктурирањето* се однесува на оцената на исплативоста на реструктурирањето на одделните рудници во рамки на „Трепча". Тоа најпрво се однесува на дефинирањето на степенот на финализираност на производот и богатсвото со метал, на оптималноста на капацитетот и на периодот на екплоатација на рудното богатство во рудниците. Исто така, се анализира прашањето за задоволување на еколошките стандарди, изборот на соодветната технологија, како и потребните човечки ресурси. На крај на оваа глава се презентирани потребните финансиски средства за реструктурирање на рудниците и концетраторите, а се прави проценка на исплатловоста и профитабилноста на рестуктурирањето. За пресметките и економско-финансиската анализа во рамки на оваа глава се користи посебна „Microsoft Excel" програма.

Последната, шеста глава од докторската дисертација, со наслов *Финансирање на реструктурирањето,* има за цел да се проанализираат и оценат одделните извори на финансирање кои би можеле да се користат. Најпрво се анализираат и оценуваат приватните финансиски пазари (конзорциум од кредитори, емисија на сопственички и должнички хартии од вредност, лизинг на опрема и стоковни кредити), а во продолжение станува збор за можностите за користење на финансискии стедства од меѓународните мултилатерални финансиски институции. На крај, ќе стане збор за улогата на државата и на модалитетите на нејзината поддршка во реструктурирањето.

Во *Заклучокот* се дава збирен, сумарен преглед на целите, ограничувањата и резултатите од истражувањето во докторската дисертација.

Методологијата која е применета во дисертацијата има две основни нивоа. Во истражувањето на проблематиката на реструктурирањето на рудниците „Трепча“ се користат индуктивниот и дедуктивниот метод, историско-логичкиот метод и методите на елиминација и апстракција. Се смета дека во определувањето на хипотезите на истражувањето и препознавањето на добиените резултати, употребата на наведените методи придонесува оптимално и поцелосно да се идентификуваат основните прашања кои се предмет на докторската дисертација. Покрај наведените, во истражувањето се користат и методот на статистичка парадигма, компаративна анализа и синтеза. Во таа смисла, а тргнувајќи од поставената хипотеза на истражувањето, дисертацијата придонесува да се оценат потенцијалите и можностите за реструктиурање на рудниците „Трепча“, како и да се дадат предлози за нивната натамошна работа, раст и развој.

Имено, врз основа на поставените цели во докторската дисертација, со примена на наведената методологија во истражувањето, се дава одговор на релеватните прашања кои се однесуваат на реструктурирањето на рудниците „Трепча“. Третирањето на проблемот има логично поставена основа, при што се тргнува од анализата на постојната состојба, преку светските трендови за идната понудата и побарувачка и цените на олово и цинк, да се оцени исплатливоста на реструктурирањето, а имајќи ги предвид условите за користење на одделните финансиски извори. Тргнувајќи од претходното, истражувањето во докторската дисертација се нуди одговор за најсоодветниот модел на реструктурирање кој треба да биде применет имајќи ги предвид природата и значењето на индустријата на олово и цинк за економијата на Косово.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на претходно изнесеното може да се заклучи дека докторската дисертација со наслов ***„Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово"*** се одликува со студиозност, прецизност, изворност, сеопфатност и оригиналност. Ова е современ научен труд кој има голем придонес во проучувањето на техноекономските карактетристики при реконструирање и повторно активирање на рудници, нивна можна експлоатација и концентрација, и начини на финансиска поддршка за транзиција и реконструкција.

Во контекст на претходното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки во Штип да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација под наслов ***„Реконструирање на рудниците за олово и цинк во Косово"*** од кандидатот м-р Ферат Шаља и да одобри јавна одбрана на истата. Истовремено, може да се види дека докторската дисертација изработена од кандидатот **м-р Ферат Шаља претставува самостоен научен труд, со оригинални научни истражувања и резултати добиени од нив, па поради тоа предлагаме почнување на постапка за одбрана.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тодор Серафимовски – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Борис Крстев – член, с.р.**
**Проф. д-р Глигор Бишев – член, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Панов – член, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Десподов – член, с.р.**

**27.11.2012 година**